# ИНФОРМАТИВЕН БИЛТЕН
# VIEWS

VIEWS
Volunteering in Inclusion & Empowerment With Sports

Co-funded by the European Union

## За што станува збор во проектот „Волонтирање за инклузија и зајакнување преку спорт“ (VIEWS)?

Проектот VIEWS има за цел да се справи со значителниот недостаток на свесност и имплементација на инклузивни волонтерски програми во рамките на редовните (не специјализирани за попреченост) спортски организации. Целта е да се овозможи на спортските организации и лицата со попреченост, како корисници, да се вклучат и да придонесат кон поразновидна и поенергична спортска заедница. Инклузивното волонтирање не само што овозможува активно учество во настани, секојдневна работа и активности, туку и се усогласува со пошироките општествени напори за создавање пристапни и пријателски средини. Признавајќи ја моќта на индустријата за забава како одраз на општествените вредности, присуството на лица со попреченост како волонтерски модели на однесување носи видливост и создава повеќе можности и на личен и на професионален план.

**Проектот се фокусира на:**

- Креирање на попристапни можности за волонтирање преку подобрување на инфраструктурата и обезбедување пристапни информации.
- Промена на општествените ставови преку кампањи за подигање на свеста кои ги истакнуваат придонесите и способностите на волонтерите со попреченост.
- Понуда на специјализирани обуки кои им овозможуваат на волонтерите со попреченост потребни вештини и самодоверба за ефикасно учество.

Со обезбедување ресурси, подигање на свеста и олеснување на соработката, проектот VIEWS има за цел да го направи инклузивното волонтирање одржлив и нераскинлив дел од спортската заедница. Преку насочени интервенции, проектот има намера да ги сруши бариерите и да обезбеди дека инклузивноста не е само тренд, туку трајна карактеристика што придонесува за поправедна и поинклузивна иднина во светот на спортот.

# Почетна средба во Брисел

На 16 и 17 декември 2024 година, партнерите на VIEWS се сретнаа за прв пат во Брисел, Белгија, за официјално започнување на проектот. Дводневната средба започна со заедничка вечера каде партнерите имаа можност да се запознаат и да воспостават почетна соработка. Претставниците на сите партнерски организации се претставија себеси, своите организации и контексти, по што беше презентиран проектот, неговите цели и задачи.



Вториот ден, координаторот на проектот организацијата – Центарот за европско волонтерство (CEV) – им презентираше на партнерите севкупен преглед на проектот, вклучително и различните улоги, задачи и одговорности што секој од партнерите ги има во процесот на имплементација. Целта беше сите да добијат јасна слика за општата структура на проектот, како и за сопствениот придонес во рамки на истата. Партнерите, исто така, имаа можност подетално да се осврнат на своите досегашни искуства и добри практики, како и да ги дискутираат своите очекувања во однос на понатамошната соработка и посакуваното влијание на проектот.





VIEWS
Volunteering in Inclusion & Empowerment With Sports

Co-funded by the European Union



Завршниот дел од Почетниот состанок беше посветен на дигитална студиска посета, на која учествуваа тројца волонтери и претставник на организација што вклучува волонтери со попреченост, со цел да ги споделат своите претходни искуства и вредни согледувања со партнерите на проектот. Студиската посета беше реализирана во онлајн формат со цел да се обезбеди инклузивност, земајќи ги предвид бариерите што го отежнуваат физичкото присуство, како и ограничените можности за посета на спортска локација во Белгија која вклучува волонтери со попреченост. Овој пристап директно ги отсликува реалните предизвици кои се адресираат преку проектот и ја потврдува релевантноста на неговата имплементација.



Centre for European Volunteering · CORPORATEGAMES · IP@K · INSIDE EU · equoras · VSSÖ

## Кои се партнерите на VIEWS?

Проектот „Волонтирање за инклузија и зајакнување преку спорт“ (VIEWS) вклучува осум партнери од различни европски земји – секој со своја природа, структура, пристап и цели, но сите со заедничка мисија за поголема инклузивност во спортот и волонтирањето.

**Запознајте го Центарот за европско волонтерство (CEV):**

**Центарот за европско волонтерство, со седиште во Брисел, претставува европска мрежа составена од над 60 организации посветени на промоција и поддршка на волонтерите и волонтерството. Визија на CEV е Европа во која волонтерите се во центарот на градењето на кохезивно, одржливо и инклузивно општество засновано на солидарност и активна граѓанска партиципација. Мисијата на организацијата е да обезбеди заедничко лидерство во креирањето на поттикнувачко опкружување за волонтерството во Европа.**

**Запознајте го Параолимписки комитет на Северна Македонија:**

Национално тело за Параолимпискoто движење во Северна Македонија кое промовира учество на лица со попреченост во спортот.

**Запознајте ја Asociatia Sportiva Corporate Games (Романија):**

Corporate Games е спортски клуб од Романија посветен на промоција на физичка активност за унапредување на здравјето (HEPA) на работното место, развој на спортот на локално ниво и добросостојба.

**Запознајте ја Fundacja Swim for A Dream (Полска):**

Станува збор за добротворна организација основана во Полска, која организира бесплатни спортски и едукативни активности и има искуство како организатор на големи спортски настани, како и работа со деца со попреченост.

Co-funded by the European Union

**Запознајте ја организацијата Sportartikel-industrie und den Sportartikelhandel in Österreich (VSSO)- Австрија:**

VSSO е непрофитна организација од Австрија посветена на унапредување на угледот на индустријата за спортска опрема и застапување на интересите на нејзините членки на национално и меѓународно ниво.

**Запознајте го Институтот за студии за социјална инклузија, различност и ангажман (INSIDE)- Ирска:**

INSIDE е невладина организација чија основна дејност вклучува понуда на инклузивни спортски активности за лица кои вообичаено не учествуваат, како и развој на можности преку програмата Еразмус+ за маргинализирани и ранливи групи.

**Запознајте го Институтот IPAK за симболичка анализа и развој на информатички технологии - Словенија:**

PAK е институт посветен на унапредување на развојот и примената на информатичките технологии, како и на промоција на науката, пронајдоците и иновациите.

**Запознајте ја Equoras S.L.- Шпанија:**

Equoras е образовна консултантска компанија фокусирана на помагање на организации во унапредување на нивната конкурентност преку обуки и консултантски услуги.

# Веб-страница на проектот

Со задоволство објавуваме дека веб-страницата на проектот VIEWS е активна и достапна. Со едноставен и лесен за навигација дизајн, веб-страницата на VIEWS им овозможува на посетителите повеќе информации за самиот проект и партнерите вклучени во него. По завршување на проектните активности, на веб-страницата ќе бидат поставени различни ресурси кои ќе бидат јавно достапни и бесплатни за сите заинтересирани.

Овие ресурси ќе вклучуваат:

- Извештај за добри практики за инклузивно волонтирање во спортот,
- Старт пакети на VIEWS за волонтери и спортски организации.

Дополнително, на страницата ќе биде поставена и онлајн платформа за е-учење, која ќе содржи обуки за волонтери со попреченост за нивно вклучување во спортски волонтерски активности, како и обуки за спортски организации и клубови за зајакнување на нивните капацитети за вклучување на волонтери со попреченост во нивните активности.

Повеќе информации за ова ќе бидат објавени во наредните билтени на VIEWS.

Веб-страницата на VIEWS е достапна тука.

## Пријавете се за билтените на VIEWS тука за да останете информирани за претстојните проектни активности и достапни ресурси.

